О К Т А Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр. 0202-2298/16-16
22.04. 2016 год.
Скопје 1

**ОКТА РАФИНЕРИЈА НА НАФТА**
**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО - СКОПЈЕ**

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

**СКОПЈЕ, 22.04.2016 ГОДИНА**

Врз основа на член 351 од Закон за трговските друштва (Сл. Весник на Република Македонија бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14 и 41/14,138/14, 88/15,192/15, 6/2016, 30/16, 61/16) и одредбите од член 50 од Статут бр. 0201-3365/4 од 01.08.2013 на ОКТА Рафинерија на Нафта Акционерско Друштво АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото), Одборот на директори на својата 152-ри состанок одржана на 22.04.2016, по предлог на Претседателот на Одборот на директори, едногласно го усвои следниот

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО

## 1. *Општи одредби*

**Член 1**

Со овој деловник се уредува работата на Одборот на директори на Друштвото (во понатамошниот текст: Одборот) како и обврските, овластувањата и начинот на донесување одлуки на Одборот.

**Член 2**

Одборот управува со Друштвото.

Одборот, ќе управува со Друштвото во рамките на своите овластувања предвидени со законите и Статутот и овластувањата одобрени од Собранието на акционери. Одборот ќе ги има најшироките овластувања во поглед на управување со Друштвото, во рамки на предметот на работење на Друштвото и во дејствувањето во сите околности во името на Друштвото.

Одборот работи и одлучува според правилата и одредбите утврдени со Статутот и со овој Деловник.

**Член 3**

Одборот работи и одлучува на состаноци.

**Член 4**

На состаноците на Одборот може да присуствуваат и други лица, со покана или пак со одобрение од Претседателот на Одборот.

## 2. *Права и обврски на членовите на Одборот*

**Член 5**

Право и обврска на секој член на Одборот е да присуствува и учествува во работата на состанокот на одборот.

Членот на Одборот кој не може да присуствува на состанокот од оправдани причини, должен е да го извести Претседателот на Одборот за спреченоста.

### *3. Свикување на состаноци на Одборот*

**Член 6**

Претседателот на Одборот ги свикува состаноците, одговорен е за водење на евиденција за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и одлучување на Одборот, како што е наведено во Глава 4 од овој деловник.

По правило, состаноците се свикуваат со писмено известување до секој член на Одборот, најдоцна 3 дена пред одржувањето на состанокот. Во итен случај, известувањето може да се испрати по факс или по електронска пошта, најдоцна 48 часа пред одржувањето на состанокот.

Претседателот на Одборот ги свикува состаноците на Одборот кога смета дека тоа е потребно или кога тоа писмено го бара било кој член на Одборот.

Ако членот кој барал свикување на состанок добие поддршка од најмалку една третина од членовите на Одборот на директори за свикување состанок, претседателот на Одборот мора да свика состанок во рок од петнаесет дена од денот кога е поднесено барањето.

**Член 7**

На членовите на Одборот заедно со поканата за состанок им се доставува записникот од претходниот состанок на Одборот и други материјали за состанокот според предложениот дневен ред.

### *4. Начин на работа и одлучување на Одборот*

**Член 8**

Со состаноците на Одборот претседава Претседателот на Одборот.

Ако Претседателот од кои и да е причини не е во можност да ја врши функцијата Претседател, или ако е отсутен, со состаноците на Одборот на директори претседава друг неизвршен член, избран со мнозинство гласови на присутните членови на Одборот.

**Член 9**

Одборот може полноважно да работи и одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, од кои бројот на присутните неизвршни членови на Одборот мора да биде поголем од бројот на присутните членови на Одборот.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Одборот може да одлучува и без одржување на состанок ако сите членови дадат согласност за Одлуката која се донесува без одржување на состанок. Во таков случај, се подготвува записник во кој се евидентираат одлуките и истиот го потпишува Претседателот најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето согласност за претходно спомenatата одлука.

Давањето согласност може да биде извршено со своерачен потпис, со потпис испратен по факс или по елетронски пат на предлог-одлуката.

**Член 10**

Членовите на Одборот можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска и/или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема. Учеството на ваквите состаноци се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на ваков начин.

Учеството на состанок се запишува и во записникот на Одборот, кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот, организиран на начин од став 1 од овој член.

**Член 11**

Откако претседателот на Одборот ќе утврди дека има кворум за работа, тој ќе го стави на гласање предложениот дневен ред.

По усвојување на дневниот ред, се преминува на расправа по секоја точка од дневниот ред.

Откако ќе констатира дека определена точка е разгледана во доволна мера , тој ќе ги повика членовите на Одборот да донесат Одлука по пат на гласање.

Ако постојат повеќе предлози за конкретна Одлука, Претседателот на Одборот ќе ги стави на гласање предлозите по оној редослед како се давани.

Пред да ги повика членовите да се изјаснат со гласање, Претседателот на Одборот ќе провери дали предложената Одлука е формулирана на начин што членовите за неа можат да се изјаснат со "за" или "против".

Одлуките се донесуваат со јавно гласање, со кревање рака, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Одборот, освен во случаите кога Одлуката се однесува за лице, член на Одборот или друго лице кое присуствува на состанокот. Во такви случаи, гласањето е задолжително тајно, притоа изјавувајќи се со "за" или "против" во затворени писма, кои јавно се отвораат пред членовите на Одборот веднаш после извршеното гласање. Отворањето на писмата го врши најстариот член на Одборот.

Гласот на Претседателот, а во негово отсуство на Претседавачот кој е овластен од Претседателот да го заменува, е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

Одлуката на Одборот се смета за донесена и во случај ако за неа гласа член на Одборот кој не е присутен на состанокот, на која се гласа за истата во писмена форма по електронски пат.

Одлуките на Одборот влегуваат во сила од денот на нивно донесување, освен ако со закон или со Статутот не е поинаку определено.

**Член 12**

Пред почетокот на состанокот, и доколку според Законот постои конфликт на интереси, членот на Одборот може да побара да биде изземен од гласање за определена точка од дневниот ред.

Членот на Одборот може да се воздржи од гласање, само во случај ако се одлучува за некое негово поединечно право или негов поединечен личен интерес. Во сите останати случаи, членот на Одборот мора јасно и определено да се изјасни со "за" или "против" предложената Одлука.

Член на Одборот може да даде оставка доколку има постојан конфликт на интереси или во случаи кога оставката е неопходна за функционирањето на Одборот како управувачки орган на Друштвото.

**Член 13**

Во случај кога Друштвото склучува договор или има друга деловна активност, во која како страна се јавува Друштвото, и во која член на Одборот е заинтересирана страна (како што е дефинирано во Правилникот за зделки со заинтересирана страна), Одборот ќе постапи во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва, кои се однесуваат на трансакциите на заинтересирани страни, како и во согласност со Политика за корпоративно управување на трансакции со заинтересирани страни ("Правилникот за зделки со заинтересирана страна") на Друштвото и овој Деловник.

**Член 14**

Секој член на Одборот, за кој има можност да се смета како заинтересирана страна, е должен веднаш да го изјави таквиот интерес во согласност со Правилникот за зделки со заинтересирана страна.

Ако член на Одборот или заинтересиран член на Одборот стане свесен дека би можело да настанат околности кои би предизвикале конфликт на интереси, тој/таа веднаш ќе го извести Одборот.

Во случај кога не се изземени трансакциите на заинтересирана страна од Правилникот за Трансакции на заинтересирани страни, на заинтересираниот член на Одборот ќе му се даде можност да биде ислушан, но тој/таа не може да учествува во расправата или во донесувањето на одлуките поврзани со договорот или друга правна работа, ниту во процесот на донесување на одлуката.

**Член 15**

Под точката разно не може да се расправа за прашања, кои по својата природа претставуваат самостојни точки од дневниот ред освен ако сите членови се согласат.

Откако ќе се исцрпат сите точки од дневниот ред, Претседателот ќе го затвори состанокот.

**Член 16**

За работата на Одборот односно за текот на состанокот се води записник.

Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржување на состанокот.

Записникот треба да содржи податоци за начинот на кој што работел Одборот (на состанок или на друг начин), време и место на одржување на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред на состанокот, пршањата кои биле предмет на гласање и резултатите за секое гласање, вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале "за" или "против" одлуките усвоени на состанокот. Во записникот може, по барање на членот кој гласал "за" или "против", накратко да се

внесе и причината зошто така гласал. Ако некој член има судир на интереси, членот има обврска тоа да го изјави на почетокот на состанокот и тоа да се евидентира во записникот.

Записникот се води со запишување белешки во книгата за состаноци, од страна на претставник од Дирекцијата за правни услуги, а истиот за потпис се изготвува на компјутер, на македонски и англиски јазик.

На записникот се потпишуваат сите присутни членови на Одборот. Записникот исто така се потпишува од страна на Претседателот, а во негово отсуство членот кој бил избран да го заменува, член на Одборот кој, врз основа на претходно овластување дадено од Претседателот претседавал со состанокот.

**Член 17**

Записникот од состанокот на Одборот е документ кој ќе се чува неопределено време.

**5. Свикување на Годишно собрание од страна на неизвршните членови**

**Член 18**

Доколку Годишно собрание на Друштвото не е свикано најдоцна 30 дена пред истекот на роковите предвидени во член 384 став 1 од Законот за трговските друштва, односно член 25 став 1 од Статутот на Друштвото, Претседателот на Одборот е должен истиот ден да свика итен и неодложен состанок на неизвршните членови на Одборот кој не може да се одржи подоцна од 3 (три) дена сметано од денот на испраќање на поканата, со точка на дневен ред „свикување на Годишно Собрание". Во таков случај, одредбите од глава 3 и 4 од овој Деловник во врска свикување на состаноци и за начинот на работа и одлучување ќе се применуваат соодветно, освен доколку нешто друго не е предвидено со закон, подзаконски акт или во оваа глава 5 од Деловникот.

Во интерес на времето, неизвршните членови на Одборот може да одлучуваат за свикување на Годишно Собрание и по електронски пат, без потреба од дополнителна согласност или одобрување за таквиот начин на одлучување.

Одлуката ќе се смета за донесена доколку за истата позитивно се изјасниле најмалку половината од неизвршните членови на Одборот.

***6. Завршни одредби***

**Член 19**

По приемот на материјалите од компетентните делови за тоа , сите активности околу подготовката на состанокот на Одборот ги спроведува Дирекцијата за правни услуги.

Одборот може да формира една или повеќе комисии од своите членови или други лица определувајќи ги нивните овластувања.

Во рамките на нивните овластувања комисиите ќе бидат задолжени да изготват соодветни студии и за тоа да го известат Одборот.

**Член 20**

На секој член на Одборот ќе му се достави примерок од овој Деловник.

**Член 21**

Со влегување во сила на овој Деловник престанува да важи Деловникот за работа на Одборот на директори на ОКТА АД- Скопје бр. 0202-2383/1-1 од 29.04.2014 година.

Овој Деловник влегува во сила со денот на негово донесување.

Како потврда, подолу потпишаните го усвоија Деловникот на 22.04.2016.

Од: ______________

Име: Евангелос Странис
Функција: Неизвршен член на
Одбор на директори и Претседател

Од: ______________

Име: Константинос Мадемлис
Функција: Неизвршен член на
Одбор на директори

Од: ______________

Име: Даниил Антонопоулос
Функција: Неизвршен член на
Одбор на директори

Од: ______________

Име: Еманоуил Бардис
Функција: Неизвршен и независен член
на Одбор на директори

Од: ______________

Име: Георгиос Камбаделис
Функција: Неизвршен и независен член
на Одбор на директори

Од: ______________

Име: Иоаннис Героуланос
Функција: Извршен член на Одбор на директори
и Главен извршен директор

Од: ______________

Име: Вук Радовиќ,
Функција: извршен член на Одбор на директори
и Директор за Снабдување и трговија